**ЗАПИСНИК**

**од 57 (педесет и седмата) редовна седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2024 година (понеделник)**

Педесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 02 декември 2024 година (понеделник), со почеток во 09.41 часот, во просториите на Универзитетот за туризам и менаџмент.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 23 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Добрила Андоновска, Зоран Краљевски, Предраг Станковски, Убавица Игнатоска, Адријана Јакимовска Панчевска, Александар Илиески, Христо Саракинов, Виолета Куновска, Владимир Бислимовски, Марин Докузовски, Гордана Ивановски Велковска, Мартин Димоски, Бранко Ристов, Ивана Петковска, Славко Митевски, Татјана Стојановска, Давор Грче, Јахји Мемедов, Александра Антевска, Наталија Спировска, Дејан Лазаревски, Невена Георгиевска и Благица Цветановска.

На 57. седница на Советот присуствуваа раководителите на секторите и одделенијата во Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

На 57. седница присуствуваше и Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 57. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

За работа на Советот на оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Предлог – Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2025 година**
2. **Предлог – Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје, за 2025 година**
3. **Предлог – Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош**
4. **Предлог – Одлука за одобрување на средства на заслужен граѓанин за 2025 година**

5. **Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**
6. **Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година**
7. **Предлог – Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година**
8. **Предлог – Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош**
9. **Предлог – Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа**
10. **Предлог – Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година**
11. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
12. **Предлог – Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
13. **Предлог – Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
14. **Предлог – Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош - Скопје**

Пред да се отвори расправа по дневниот ред, Претседателот на Совет ги предложи следните измени и дополнителни точки, и истите беа ставени на гласање:

**1. Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено дополнувањето на точката на дневниот ред.

**4. Предлог Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

По спроведеното гласање со 15 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено дополнувањето на точката на дневниот ред.

**16. Предлог Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено дополнувањето на точката на дневниот ред.

**18. Советнички прашања**

Претседателот на Совет отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и ја стави точката на гласање.

По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено додавањето на советнички прашања на дневниот ред.

Претседателот на Совет отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и дневниот ред со 18. точки го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 22 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен дневниот ред од 57. седница на Советот на Општина Карпош.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**
2. **Предлог Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2025 година**
3. **Предлог Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје, за 2025 година**
4. **Предлог Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**
5. **Предлог Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош**
6. **Предлог Одлука за одобрување на средства на заслужен граѓанин за 2025 година**
7. **Службена белешка за не усвојување на Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**
8. **Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година**
9. **Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година**
10. **Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош**
11. **Предлог Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа**
12. **Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година**
13. **Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**
14. **Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
15. **Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

16. **Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје**
17. **Службена белешка за не усвојување на Предлог Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**
18. **Советнички прашања**

Пред да се почне со расправа по точките од дневниот ред, Претседателот на Совет ги стави на гласање предложените записници од:

- **Записник од 48. седница на Советот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог записникот од 48. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН, е усвоен предлог записникот од 48. седница на Советот на Општина Карпош.

- **Записник од 49. седница на Советот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог записникот од 49. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 13 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ, е усвоен предлог записникот од 49. седница на Советот на Општина Карпош.

- **Записник од 50. седница на Советот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог записникот од 50. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 50. седница на Советот на Општина Карпош.

- **Записник од 52 седница на Советот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог записникот од 52. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 52. седница на Советот на Општина Карпош.

- **Записник од 53 седница на Советот на Општина Карпош**

Претседателот на Совет отвори расправа по предлог записникот од 53. Седница на Советот на Општина Карпош.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог записникот го стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 ВОЗДРЖАНИ, е усвоен записникот од 53. седница на Советот на Општина Карпош.

Пред да се разгледуваат точките од дневниот ред, Претседателот на Совет го повика Славко Митевски - член на Советот и претседател на Комисијата за Прописи да даде извештај од одржаната комисија.

Претседателот на комисијата за Прописи Славко Митевски даде извештај дека на 29.11.2024 година се одржала 43. седница на комисијата. На дневен ред бил записникот од 42 седница на Комисиата како и сите точки од дневниот ред за 57. седница на Општина Карпош. Комисијата констатирала дека сите точки од дневниот ред се во согласност со Законот за локална самоуправа и му предложува на Советот да ги разгледува и одлучува по истите.

1. **Предлог Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по првата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Предлог – Одлуката за измена на распоредот на средтсвата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

Пред да се разгледа следната точка од дневниот ред Претседателот на Совет ја повика Адријана Јакимовска Панчевска - член на Советот и претседател на Комисијата за финансии да даде извештај од одржаната комисија.

Претседателот на комисијата за Финансии Адријана Јакимовска Панчевска даде извештај дека на 29.11.2024 година се одржала 41. седница на комисијата.
Комисијата констатирала дека сите точки од дневниот ред се во согласност со Законот за локална самоуправа и му предложува на Советот да ги разгледува и одлучува по истите.

2. **Предлог Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ „Лапласт-М“ ДООЕЛ, за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по втората точка од дневниот ред.

Збор побара членот на советот Предраг Станковски, кој побара образложение за тоа, на кој начин оди постапката и процедурата и дали би имале финансиски импликации.

За збор се јави Александар Симоновски од секторот за поддршка на градоначалникот кој ја образложи целата процедура и постапка во врска со согласноста за закупот и за договорот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за давање согласност за закуп на магацински простор во сопственост на ДПТУ ,,Лапласт –М’’ ДООЕЛ, за 2025 година.

3. **Предлог Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Букурешка“ бр. 2, локал 2, Општина Карпош – Скопје, за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по третата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Предлог – Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица ,,Букурешка’’ бр. 2, локал 2, Општина Карпош - Скопје за 2025 година.

4. **Предлог Одлука за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија**

Претседателот на Совет, отвори расправа по четвртата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за изменување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надомест на недвижни ствари од Влада на Република Северна Македонија.

5. **Предлог Одлука за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош**

Претседателот на Совет, отвори расправа по петтата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за давање на времено користење без надоместок дел од недвижна ствар, сопственост на Општина Карпош.

6. **Предлог Одлука за одобрување на средства на заслужен граѓанин за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по шесттата точка од дневниот ред.

Збор зема Јелена Цветковиќ од секторот за поддршка на советот на Општина Карпош, која ја образложи точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот Стевчо Јакимовски, Добрила Андоновска, Татјана Стојановска и Бранко Ристов.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за одобрување на средства на заслужен граѓанин за 2025 година

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

7. **Службена белешка за не усвојување на Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

Претседателот на Совет, отвори расправа по седмата точка од дневниот ред.

Во расправата учествуваа Славко Митевски, Бранко Ристов, Добрила Андоновска, Татјана Стојановска, Невена Георгиевска, Зоран Краљевски и Градоначалникот Стевчо Јакимовски.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 11 гласа ЗА,  2 ПРОТИВ и 4 ВОЗДРЖАНИ, не е усвоена Службена белешка за не усвојување на Предлог – Програма за одбележување на 49-годишнината од формирањето на Општина Карпош.

Претседателот даде пауза од 15 минути.

Претседателот констатираше декаима кворум и седницата може да продолжи.

8. **Предлог Програма за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по осмата точка од дневниот ред.

Во расправата учествуваа: Виолета Куновска, Татјана Стојановска, Миле Стефков, Добрила Андоновска, Градоначалникот Стевчо Јакимовски, Бранко Ристов

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема 2 ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на месната самоуправа за 2025 година

9. **Предлог Програма за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по деветтата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 14 гласа ЗА, нема 2 ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на односите со јавноста и информации на граѓаните за 2025 година.

10. **Предлог Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош**

Претседателот на Совет ја повика Александра Антевска претседател на Комисијата за верификација и мандантни прашања, да даде извештај од оддржаната седница на комисијата.

Зема збор претседателот на Комисијата за верификација и мандантни прашања Александра Антевска која соопшти дека сите точки на дневниот ред од седницата на комисијата се проследуваат до Советот на разгледување и усвојување.

Претседателот на Совет, отвори расправа по десеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 12 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ, е усвоена Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање - конституирање Локален Совет за женско претприемништво на Општина Карпош.

11. **Предлог Одлука за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа**

Претседателот на Совет ја повика Благица Цветановска претседател на Комисијата за јавни дејности, да даде извештај од оддржаната седница на комисијата.

Зема збор Благица Цветановска претседател на Комисијата за јавни дејности која соопшти дека сите точки на дневниот ред од седницата на комисијата се проследуваат до Советот на разгледување и усвојување.

Претседателот на Совет, отвори расправа по единаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

По спроведеното гласање со 23 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, едногласно е усвоена Одлуката за одобрување финансиски средства како помош за санација на опожарена куќа.

Зема збор Градоначалникот кој предложи, одаа предлог – одлука за опожарени куќи да биде меѓу последните предложени и усвоени одлуки. Предложува Општина Карпош да спроведе кампања во која ќе се мотивираат граѓаните да си ги осигураат своите домови од пожари, бидејќи многу малку финансиски средства на месечно односно на годишно ниво се плаќа за осигурување од пожар.

12. **Предлог Решение за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по дванаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за изработка на Програмата за работа на Советот за 2025 година

13. **Предлог Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје**

Претседателот на Совет, отвори расправа по тринаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 21 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка „Распеана Младост“, Општина Карпош-Скопје

14. **Предлог Правилник за методологија за утврдување  на критериуми за распределба на  блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по четиринаесеттата точка од дневниот ред.

Зема збор Татјана Стојановска член на Советот која побара објаснување дали е законска обрска на советот да носи ваков вид на одлуки. И дали може да се даде забелешка во иднина да се корегира формулата врз основа на која се доделуваат финансиски средства.

Од место и беше одговорено дека неможе да се направи корекција на формулата бидејќи таа ја утврдуваат од МОН.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 18 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за Јавните установи општински детски градинки на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.

15. **Предлог Правилник за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**

Претседателот на Совет, отвори расправа по петнаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 18 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоено Предлог

16. **Предлог Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош – Скопје**

Претседателот на Совет, отвори расправа по шеснаесеттата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 16 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и нема ВОЗДРЖАНИ, е усвоен Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок

дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година.

**17. Предлог - Предлог Одлука за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник**

Претседателот на Совет, отвори расправа по седумнаесеттата точка од дневниот ред.

Зема збор Невена Георгиевска член на Советот, која побара информација за кој службеник се работи. Од Градоначалникот доби информација дека се работи за правник од второстепена владина комисија. И дополнително прашање има дали откако ќе се превземе Општина Карпош ќе има потреба од дополнителна правна служба, бидејќи веќе се плаќаат адвокатски услуги односно ангажирани се адвокати кои ја застапуваат општината?

Зема збор Градоначалникот кој објасни дека по закон мора општината да биде претставувана од адвокат.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Совет го затвори претресот и предлог - точката ја стави на гласање.

По спроведеното гласање со 11 гласа ЗА, нема ПРОТИВ и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, не се усвои Предлог - Одлуката за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник.

17. **Советнички прашања**

Зема збор Татјана Стојановска – член на Советот која ги постави следните советнички прашања:

1. **„Дали има разговори со Лајка, до каде се преговорите и дали се очекува некој договор во однос на решавањето на проблемот со бездомни кучиња?“**
2. **“Да ни дадете информација кои проекти се одобрени на општина Карпош, финансирани од Владата за наредната година.“**
3. **„Дали има постапка за издавање на одобрение или е издадено одобрение за градење, на делот кај стариот архив, односно кај институтот за социолошко – политичко истражување?“**

Зема збор Славко Митевски – член на Советот кој го постави следното советничко прашање:

**1. Дали Вашиот сектор во Општина Карпош дава согласност за поставување на рампи за паркинг?**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Зема збор Невена Георгиевска – член на Советот која ги постави следните советнички прашања:

1. **„Дали се предвидува изградба на водовод, канализација, улица и улично осветлување, за улица 1687 во село Бардовци.“**
2. **„Што се случува на просторот на ДУП за 06 блок 11, во Тафталиџе во делот кај Алумина?„**

Зема збор Предраг Станковски – член на Советот кој го постави следното советничко прашање:

4. **„Барам писмен одговор на барањето бр.11-66-29/1, за поставување на сообраќајни знаци на надвозникот пред населено место Бардовци.“**

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 57. редовна седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 11:52 часот.

**Изработил:**
**Дамир Ибраимоски**

**Број: 09-2483/7**
**Датум: 13.03.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Бранко Ристов**